Уп. бр. 08-17

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Сигал Бизнис Центар - со седиште на булевар Зог 1 бр.1 – Тирана, Република Албанија, преку полномошник Емил Кратовалиев од Скопје, на седницата одржана на ден 12..02.2025 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Сигал Бизнис Центар - со седиште на булевар Зог 1 бр.1 – Тирана, Република Албанија, ќе стекне контрола над Сигал Уника Груп Австрија со седиште на булевар Зог 1 бр.1 – Тирана, Република Албанија, по пат на купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 15.01.2025 година, а дополнето на 20.01.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Сигал Бизнис Центар - со седиште на булевар Зог 1 бр.1 – Тирана, Република Албанија, со која Сигал Бизнис Центар ќе стекне контрола над Сигал Уника Груп Австрија со седиште на булевар Зог 1 бр.1 – Тирана, Република Албанија, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и

прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Сигал Бизнис Центар е, со главна дејност – Вложување на капитал и други финансиски средства.

Сигал Бизнис Центар нема поврзани друштва и не стопанисува на пазарот во Република Северна Македонија.

Сигал Уника Груп Австрија е со главна дејност – Осигурување од штети и реосигурување. Сигал Уника Груп Австрија е составена од група од осум компании за животно и неживотно осигурување, реосигурување и пензиски фондови. Денес, Сигал Уника Груп Австрија е единствената компанија што ги нуди сите класи на осигурување со вкупно 42 производи, вклучувајќи околу 1.500 вработени и агенти, и над 900 канцеларии каде што ги извршува своите деловни активности, во три земји: Албанија, Косово и Северна Македонија.

Сигал Уника Груп Австрија во Северна Македонија директно е сопственик и е активна прку две друштва за осигурување и тоа:

- УНИКА АД Скопје, друштво за неживотно осигурување, со седиште во Скопје на бул.Илинден бр.1 и
- УНИКА ЛАЈФ АД Скопје друштво за животно осигурување, со седиште во Скопје на бул.Илинден бр.1

Уника ЛАЈФ АД Скопје е активно на пазарот за осигурување на живот, а УНИКА АД Скопје е активно на пазарот на неживотно осигурување.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**